

ОПШТИНА
РАДОВИШ
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

ОПШТИНА
РАДОВИШ



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,
Христијан Мицкоски

Драги сограѓани, почитувани жители на Општина Радовиш,

Денес ви се обраќам не само како кандидат за градоначалник, туку како човек што цел живот живее меѓу вас, ги чувствува истите грижи, соништа и надежи. Ви се обраќам како некој што ја познава топлината на радовишката душа, упорноста на нашиот народ и неисцрпната љубов кон нашата татковина, кон нашата општина. Ја прифаќам оваа кандидатура со целосна одговорност и силна верба во вредностите што ги носам со себе, како кандидат на ВМРО-ДПМНЕ – партија што отсекогаш била со народот, во одбрана на македонскиот идентитет, традиција и иднина.

Оваа кандидатура не е лична амбиција, туку искрен повик – да се ставам во служба на граѓаните, на иднината, на заедничката визија што сите ја споделуваме. Имаме вредни луѓе, млади со идеи, богата традиција што нè учи и природа што инспирира. Но, потребно ни е водство што ќе ги обедини тие потенцијали – чесно, транспарентно и посветено, без калкулации и без лични интереси.

Во изминатиот период, имав чест да разговарам со многумина од вас – во маалата, на пазарот, по улиците, на вашите работни места. Ги слушав вашите грижи, предлози и визии. Токму тие разговори ми дадоа сила и уште поголема обврска да застанам пред вас денес.

Мојата програма не е само список на ветувања – тоа е план за акција, заснован на реални, остварливи и мерливи цели. Заедно ќе работиме на:



- **Модерна и функционална инфраструктура** – безбедни улици, подобра патна поврзаност, водовод и канализација за сите населени места.
- **Квалитетно образование и здравство** – инвестиции во училишта, дигитализација и подобри услови во здравствените установи.
- **Поддршка за младите** – отворање нови можности за вработување, културни и спортски програми.
- **Грижа за повозрасните и ранливите категории** – социјални сервиси, достапна помош и човечка топлина.
- **Жива локална економија** – поддршка за земјоделците, малите бизниси и занаетчиите, иницијативи за нови инвестиции и отворање работни места.
- **Зелена и одржлива општина** – засадување нови зелени површини, ефикасно управување со отпадот и екопроекти.

Сето ова не е нешто што ќе го направам сам, туку нешто што заедно ќе го изградиме. Моја цел не е да бидам градоначалник кој владее, туку градоначалник кој служи, кој слуша, соработува и е постојано со и покрај луѓето. Ми треба

вашата поддршка – не само на денот на изборите, туку и секој ден потоа. Во идеи, предлози, критики и заедничка работа. Заедно да ја направиме локалната самоуправа вистински сервис на граѓаните. Да ја вратиме довербата во институциите. Да создадеме култура на одговорност, почит и заедништво.

Радовиш го заслужува најдоброто. Нашите деца заслужуваат иднина тука. Нашите семејства заслужуваат достоинствен живот.

Затоа ве повикувам – да се обединиме околу идејата за нов, поинаков и подобар Радовиш. Да не дозволиме уште една шанса да ни избега. Да изградиме општина со која нема само да се гордееме, туку во која ќе сакаме да останеме, да живееме и да напредуваме.

Ова е нашата борба – мирна, достоинствена, но решителна. И ова е нашиот момент. Како кандидат на ВМРО-ДПМНЕ, ја потврдувам посветеноста кон транспарентна и отчетна локална власт која ќе го вклучува секој граѓанин во одлучувањето. Заедно со партијата ќе работиме на унапредување на администрацијата, директна комуникација со вас и поддршка на сите иницијативи што носат развој и подобрување на животот во Радовиш.

Нашата цел е општина која ги слуша и ги почитува своите граѓани, каде што одговорноста и отчетноста се темел на секоја одлука. ВМРО-ДПМНЕ и јас стоиме цврсто со вас и за вас, со визија за Радовиш што ќе биде пример за напредок, правда и раст.

Со искрена почит,
Љупче Почивалец

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Гордана Здравковска - Носител на листа
2. Гоце Дединец
3. Горан Ѓоргиев
4. Светлана Василева
5. Коце Иродов
6. Ванчо Ристов
7. Сара Томов
8. Драги Ѓоргиев
9. Камелија Јанева
10. Љупчо Ѓоргиев
11. Лихнида Ѓоргиева
12. Јован Трајанов
13. Матеа Ѓоргиев
14. Силвана Бибовска
15. Атанаско Митев
16. Ангела Чаракчиев
17. Раде Јованов
18. Стефанија Томова
19. Магда Мијалкова



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ НА ОПШТИНА

## Уредување на речното корито и изградба на улици со комунална инфраструктура од последниот мост до новиот парк „Воденица“

Овој проект претставува продолжение на веќе започната иницијатива, во рамките на која е целосно изготвена проектната документација. Во наредната фаза ќе се пристапи кон реализација на предвидените активности: уредување на речното корито, асфалтирање на патот од двете страни на реката, изградба на велосипедски патеки, поставување улично осветлување и воспоставување целосна комунална инфраструктура.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт, меѓународни фондови.

## Хумано решавање на проблемот со кучињата скитници преку изградба на прифатилиште

Проектот има за цел да се обезбеди хумано и безбедно решение за згрижување на кучињата скитници во општината, со што ќе се подобри јавното здравје, безбедноста на граѓаните и условите за животните. Проектот вклучува:

- изработка на физибилити студија, изградба на прифатилиште и соодветна инфраструктура за решавање на проблемот со кучињата скитници;
- назначување одговорно лице во општинската администрација кое ќе биде одговорно за воспоставување и следење на систем за контрола на кучиња;
- воспоставување регистар на бездомни животни;
- воспоставување систем за директна соработка со НВО за заштита на животните;
- проценка на популацијата на кучиња еднаш годишно;
- донесување програма и план за контрола на популацијата на кучиња;
- подигнување на јавната свест и едукација на учениците за одговорно сопственишство на домашните миленици.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Нов модерен плоштад како централно место за културни и социјални активности

Изградба на нов плоштад, поставување урбана опрема, осветлување и површина за настани, со цел подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Овој плоштад ќе придонесе за зближување на заедницата и развој на локалниот туризам.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Парк за рекреација и одмор на жителите

Планираме изградба на нов парк кој ќе обезбеди зелена оаза за рекреација и одмор на жителите. Во паркот ќе бидат поставени пешачки патеки, детски игралишта и спортски реквизити. Овој проект има за цел да го подобри квалитетот на животот и да го промовира здравиот начин на живот во заедницата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Уредување на Урбан блок 15

Општина Радовиш планира уредување на Урбан блок 15 преку изградба на нова улична мрежа и комплетна комунална инфраструктура. Проектот вклучува нови улици, канализација и водовод, со цел подобрување на условите за живеење и сообраќајната поврзаност во блокот. Оваа инвестиција ќе придонесе за модернизација на инфраструктурата и зголемување на квалитетот на животот на жителите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

## Булеварско уредување на ул. „Македонија“ – влезот на градот со изградба на кружен тек

Планираме уредување на влезот на градот (од влезот Струмица–Радовиш до спој со ул. „Свети Спасо Радовишки“) за атрактивен и функционален прв впечаток за посетителите и граѓаните. Ова уредување ќе ја подобри фреквенцијата и безбедноста во сообраќајот.

Во изминатиот период ја поставивме темелната основа за два приоритетни капитални проекти кои ќе го променат културниот и општествениот живот во Радовиш. Со поддршка од Владата и сопствени средства на Општината, ги обезбедивме сите предуслови за нивна реализација. Сега следи најважниот чекор – започнува главната фаза на нивното спроведување, со која Радовиш ќе добие нов изглед и нови можности за сите граѓани.

Затоа решително продолжуваме со реализација на овие значајни проекти што ќе внесат нова енергија и живот во културниот развој на нашиот град:

## Реконструкција и пренамена на Стоковната куќа во современ мултифункционален културен центар со музејска поставка на градот Радовиш.



# МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

## Изработка на проектна документација за проширување на патот Радовиш – Струмица

Во соработка со Владата ќе изработиме целосна проектна документација за проширување и модернизација на патот Радовиш – Струмица. Оваа инвестиција ќе значи посилна поврзаност на регионот и нови можности за економски развој.

**Извор на финансирање:** Централна власт.

**Рок на реализација:** 2027–2029.

## Изградба на нов кружен тек

Проектот предвидува изградба и уредување на кружен тек на спојот помеѓу бул. „Александар Македонски" и ул. „Самоилова". Со ова решение ќе се подобри сообраќајниот тек и ќе се зголеми безбедноста, со значително намалување на застојот и ризикот од сообраќајни несреќи. Дополнително, ќе се подобри и урбаното уредување на околниот простор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Сообраќаен проект за велосипедски патеки

Изработка на проект за велосипедски патеки во општината. Патеките ќе го промовираат еколошкиот транспорт и безбедноста на велосипедистите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Полигон за обука и полагање возачки испит

На ул. „Св. Спасо Радовишки", во близина на поранешната бензинска пумпа „Мак Петрол", ќе изградиме нов современ полигон. Со проектот ќе се обезбеди безбедно и функционално место за практична обука на идните возачи и спроведување на возачки испити.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Асфалтирање и водоводна мрежа на ул. 3 во УБ 9.2

Ќе извршиме целосно асфалтирање на ул. 3 во Урбан блок 9.2 со современи стандарди, како и изградба на водоводна мрежа за обезбедување квалитетна и сигурна водоснабденост за жителите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Изградба на ул. 3 во УБ 9

Продолжуваме со уредувањето на УБ 9 со изградба на ул. 3 со комунална инфраструктура.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Изградба на ул. 3 и ул. 4 во УБ 9.3 со комунална инфраструктура

Изградба на ул. 3 и ул. 4 во УБ 9.3 со атмосферска, водоводна и фекална канализациска мрежа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Изградба на ул. „Таско Андонов“ од спој со „Славчо Стоименов“ до ул. „Лисец“

Изградба на ул. „Таско Андонов“ од спој со „Славчо Стоименов“ до ул. „Лисец“ со комплетна комунална инфраструктура.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Уредување на јавните површини во сите населени места

Ќе вложуваме во уредување на јавните површини во секое населено место, затоа што секое село заслужува достоинствен изглед и функционални простори. Сакаме да обезбедиме не само поубав изглед, туку и поголем квалитет на секојдневниот живот – средини во кои децата ќе растат среќни, младите ќе имаат место за активен живот, а постарите ќе можат достоинствено да уживаат во својата заедница.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Доуредување на јавни површини

Декоративно осветлување и уредување на клучни точки во градот. Проектот создава поубав и поквалитетен јавен простор.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Улици и комунална инфраструктура во с. Ињево

Уредување на три улици во селото Ињево, со изградба на нова комунална инфраструктура. Проектот вклучува асфалтирање на улиците, поставување канализација и водовод, со цел подобрување на условите за живеење и инфраструктурната поврзаност во селото.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Зафаќање на атмосферските води и изградба на улица на место викано „Пороj“ во с. Ињево

Со овоj проект се предвидува трајно решавање на долгогодишниот проблем со атмосферските води кои при обилни врнежи се задржуваат и создаваат поплави и оштетувања на jавните и приватните површини. Изградбата на соодветен систем за зафаќање и одведување на овие води, заедно со изградба на улица, ќе придонесе за значително подобрување на условите за живеење во населеното место.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

## Уредување на речното корито на Радовишка Река

Со овоj проект ќе се изврши уредување на речното корито на Радовишка Река, со цел заштита од поплави, подобрување на безбедноста на граѓаните и создавање уреден простор за рекреација и прошетка. Проектот ќе придонесе и за заштита на животната средина и подигање на естетскиот изглед на градот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Доуредување на речното корито на Ораовичка Река

Ораовичка Река претставува природно богатство и значаен ресурс за жителите на нашата општина. За да се зачува нејзината убавина и да се подобри квалитетот на животот на граѓаните, ќе спроведеме проект за доуредување на речното корито.



# КОМУНАЛНИ РАБОТИ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА

## ➤ Решение за зафаќање на атмосферските води во УБ 15

Решение за зафаќање на атмосферските води на дел од следниве улици: „Плачковица“, „Питу Гули“, „Герас Цунев“, „Драмска“ и дел од „Илија Алексов“ во УБ 15.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ➤ Изградба на пумпна станица и доводен цевковод – с. Бучим

Изградба на пумпна станица и доводен цевковод во с. Бучим. Проектот ќе обезбеди ефикасно снабдување со вода и оптимизирање на водната инфраструктура.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, меѓународни фондови.

## ➤ Поставување хидранти

Поставувањето на хидранти на стратешки локации ќе овозможи побрз пристап до вода и поефикасна интервенција при пожари. Со оваа мерка значително се зголемува безбедноста на населението и се намалуваат потенцијалните штети од пожари.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ➤ Доопремување на ЈП „Плаваја“

За поефикасно и поеколошко управување со отпадот и почиста средина за сите жители, предвидуваме доопремување на ЈП „Плаваја“ со специјален камион за собирање смет и нови контејнери за комунален отпад.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## ➤ Изградба на нова паркинг зона на локацијата „Старо градско собрание“ со хортикултурно уредување

На локацијата „Старо градско собрание“ ќе изградиме современа паркинг зона која ќе обезбеди нови капацитети за паркирање и ќе го намали сообраќајниот метеж во централното подрачје. Просторот ќе биде хортикултурно уреден со што ќе се создаде функционална и пријатна урбана средина. Со овој проект обезбедуваме практично решение за граѓаните, а истовремено го разубавуваме центарот на градот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Измени на зонското паркирање

Ќе спроведеме измени на зонското паркирање со намалување на неговиот опфат и ќе извршиме измени во трајниот сообраќаен режим на улиците во централното градско подрачје, со што ќе се намали сообраќајниот метеж и ќе се овозможи поефикасно и безбедно движење на сите учесници во сообраќајот.

# ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

## Поддршка на локални бизниси и инвестициски активности

Создавање програми, база на ресурси, презентација на сите компании во општината и водич за инвеститори. Целта е поттикнување на претприемништво, иновации и економски развој на општината.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Јавно-приватно партнерство и меѓународни форуми

Промоција на партнерства и учество на саеми, форуми и настани за инвестиции. Овој проект ги поврзува локалните бизниси со домашни и странски инвеститори.



# ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

## Општински центар за е-учење

Простор со компјутери и интернет за ученици што немаат пристап до дигитални ресурси дома. Овој проект обезбедува непречен пристап до современо учење за сите ученици.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Онлајн библиотеки со локален пристап

Дигитален фонд со книги и учебни материјали достапен од дома за секое училиште. Овој проект го подобрува образовниот пристап и учењето од далечина.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Отворени денови и научни саеми

Во училиштата ќе се одржуваат отворени денови, научни саеми и собири, каде што учениците ќе имаат можност да го претставаат својот труд, знаење и креативност пред наставниците, родителите и пошироката јавност. На овој начин ќе се поттикне младата генерација кон истражување и иновации, ќе се вреднува нивниот труд и ќе се зајакне врската меѓу училиштето, семејството и заедницата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Градоначалник на една недела

Организирање на натпревар за средношколци со изработка на проекти, каде што најдобриот ученик ќе работи со градоначалникот една недела. Целта е поттикнување на иновации, одговорност и учество на младите во локалната самоуправа.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Сензорна соба во ООУ „Никола Карев“ – Радовиш

Ќе обезбедиме адаптиран и современо опремен простор за деца со посебни образовни потреби. Сензорната соба ќе придонесе за подобри услови за учење, развој и поддршка на учениците, со што ќе се унапреди целокупниот образовно-воспитен процес и ќе се создаде поттикнувачка средина за нивниот напредок.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Изградба на објект за проширување на капацитетите на ООУ „Крсте Петков Мисирков“ за одржување на настава

Изградбата на нов објект за проширување на капацитетите ќе овозможи подобри услови за изведување на наставата и ќе одговори на растечките потреби на учениците. Со овој проект се обезбедува современ простор кој ќе придонесе за поквалитетно образование и поголема удобност на наставниците и учениците.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

## Воведување на едносменска настава во ООУ „Крсте П. Мисирков“ – Радовиш

Проширување на просторните капацитети и реорганизација на наставата. Целта е подобрување на квалитетот на образованието и условите за учениците.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, Министерство за образование.

## Целодневен престој на учениците во ООУ „Никола Карев“ – Радовиш

Организација на активности и наставни содржини за целодневен престој. Овој проект ги поддржува семејствата и обезбедува дополнителен развој за учениците.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Реконструкција на кровот на управна зграда на ЈОУДГ „Ацо Караманов“ – Радовиш

Ќе извршиме целосна реконструкција на кровот на управната зграда на ЈОУДГ „Ацо Караманов“ во Радовиш, со што ќе се обезбеди сигурност, енергетска ефикасност и заштита на објектот. Овој проект ќе овозможи подобри услови за работа на вработените и поголема безбедност за децата.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

## Санација на санитарните јазли во средното училиште

Ќе извршиме целосна санација на санитарните јазли во средното општинско училиште. Со оваа инвестиција ќе обезбедиме современи, хигиенски и безбедни услови што целосно одговараат на потребите на учениците и наставниците. Веруваме дека достоинствени услови за хигиена се темел за квалитетно, здраво и безбедно училишно секојдневие.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

## Современи услови за квалитетно образование

Ќе вложиме во подобрување на условите за работа на наставниците и учениците во средното образование. Ќе обезбедиме поддршка за преадаптација на постојните простории во современи лаборатории, со што ќе се создадат подобри можности за изведување практична настава. На тој начин, младите ќе имаат пристап до модерна опрема и знаење во чекор со современите стандарди, а наставниците ќе добијат подобра средина за реализација на наставниот процес.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, различни донатори.

## Намалување/целосно ослободување од надоместокот за уредување на градежно земјиште за млади брачни парови до 30 години

Со цел да се создадат подобри услови и да се поттикнат младите да останат и да го градат својот живот во нашата општина, предлагаме мерка за намалување или целосно ослободување од надоместокот за уредување на градежно земјиште. Висината на оваа поволност ќе се утврди скалесто, зависно од квадратурата на објектот, со што ќе се обезбеди правична и стимулативна поддршка за брачните парови во оваа возрасна категорија.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Субвенционирање на возачки дозволи за младите

Со овој проект ќе обезбедиме финансиска поддршка за младите и социјално ранливите категории граѓани при полагање за возачка дозвола. На тој начин ќе им се олесни пристапот до вработување и ќе се поттикне нивната поголема мобилност и самостојност.



# ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

## ➤ Е-седници на совет

Ќе воведеме целосна дигитализација на подготовката, закажувањето и водењето на седниците. Секој советник ќе има можност за учество, гласање и дискусија, без хартија, со можност за онлајн вклучување и целосна електронска евиденција. Секоја одржана седница ќе биде транспарентна, достапна за јавноста и документирана.

**Извор на финансирање:** Министерство за дигитална трансформација.

## ➤ Електронски услуги за граѓаните

Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација / доградба / надградба, аплицирање за социјални услуги / субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација и сл.), извод од Детален урбанистички план (ДУП) и согласност за користење на јавни и зелени површини.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт и меѓународни партнери.

## ➤ Е-систем за управување со предмети

Во соработка со Владата, ќе развиеме интегриран систем за електронско управување со документи и процеси. Оваа унифицирана, безбедна и модерна дигитална алатка овозможува целосно електронско управување со документи, предмети и административни процедури во рамки на општината. Заради транспарентност и отчетност пред граѓаните, системот ќе овозможи следење на секоја фаза од работењето по одреден предмет – од неговото создавање, преку внатрешна циркулација и обработка, до негово архивирање или уништување согласно законската регулатива. Системот е наменет да ги замени традиционалните хартиени процедури и архива со електронски потпис и печат, како и дигитална архива. Тоа ќе ја зголеми ефикасноста во комуникацијата помеѓу институциите, времето за обработка, трошоците за печатење и складирање, како и ризикот од човечки грешки или губење на документи.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

## ➤ Е-систем за планирање на ресурси

Во соработка со Владата, ќе воведеме унифицирана софтверска платформа за планирање на ресурсите во општината, интегрирана со трезорот и државното буџетско

планирање. Оваа платформа, која ги интегрира и автоматизира клучните деловни процеси и податоци во смисла на материјалното и финансиско работење, ќе обезбеди унифицирано планирање на приходите и расходите, правилно буџетирање, поефикасна работа на општината, точни и навремени податоци за работата на општината и оптимизација на трошењето на средствата.



# РАЗВОЈ НА СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

## Реконструкција на детски паркови и мултифункционални спортски терени

Со цел да обезбедиме здрави, современи и инспиративни простори каде што децата и младите ќе можат квалитетно да го поминуваат своето слободно време, планираме реконструкција и модернизација на постојните детски паркови и спортски терени. Активностите ќе опфатат поставување нови, безбедни и современи реквизити, како и целосно уредување на просторот. Ќе бидат обновени детските паркови во првата урбана заедница (во близина на „Јавор“), третата урбана заедница, детскиот парк „Марди“, паркот зад Основниот суд, парковите во ЈОУДГ „Ацо Караманов“ (управна зграда и „Цветови“), како и парковите во населените места. Дополнително, ќе се реконструираат и повеќе мултифункционални спортски терени во градот и околните села. Програмата нема да се ограничи само на овие локации – секое маало и секое населено место заслужува уреден простор за спорт, игра и дружење.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Реконструкција на фудбалско игралиште во с. Раклиш

За подобри услови за тренинг и натпревари, а на селото – простор за спорт, дружење и здрава заедница, планираме да го реконструираме фудбалското игралиште во с. Раклиш.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, Министерство за спорт и други донатори.

## Изградба на спортска сала во ООУ „Коста Рацин“ – с. Подареш

Изградбата на спортска сала во ООУ „Коста Рацин“ – с. Подареш ќе обезбеди подобри услови за спорт и рекреација на учениците. Со овој проект ќе се поттикне здравиот животен стил и ќе се создадат можности за организирање спортски активности и натпревари.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

## Изградба на спортска сала во ООУ „Орце Николов“ – с. Ињево

Проектот предвидува изградба на модерна спортска сала за учениците во училиштето. Целта е подобрување на условите за физичко образование, спортски активности и

развој на здрави навики кај децата.

**Извор на финансирање:** Министерство за образование и наука.

### Изградба на спортска сала во ООУ „Никола Карев“ – Радовиш

Ќе изградиме нова спортска сала во ООУ „Никола Карев“ – Радовиш, за здрави генерации, развој на спортот и повеќе успеси на младите.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

### Изградба на балон сала

Ќе изградиме современа балон сала која ќе им овозможи на младите и спортските клубови услови за тренинг и рекреација во текот на целата година. Со овој проект инвестираме во спортот, здравјето и квалитетното поминување на слободното време, а воедно создадеме простор за развој на локалниот спортски дух и заедништво.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

### Субвенции за рекреација за деца

Физичката активност во детството игра клучна улога во развојот на здрави навики, самодоверба и социјални вештини. Затоа обезбедуваме еднократни субвенции како поддршка за вклучување на децата во организирана рекреација и спортски активности.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

### Субвенционирање на велосипеди

Ќе продолжиме со програмата за субвенционирање на купување велосипеди, која веќе дава одлични резултати, со можност за зголемување на средствата и бројот на корисници. Со ова ќе го поттикнеме користењето на одржлив транспорт, ќе придонесеме за почиста животна средина, намален сообраќаен метеж и унапредување на јавното здравје, истовремено промовирајќи активен и здрав начин на живот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

### Изработка на комплетна техничка документација за реконструкција со мерки за енергетска ефикасност на СРЦ „25 Мај“ во Радовиш

Спроведување на јавна набавка за избор на проектант за изработка на комплетна техничка документација за реконструкција со мерки за енергетска ефикасност на СРЦ „25 Мај“ во Радовиш.



# ЗЕЛЕНА, ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

## Уредување и одржување на паркови, зелени површини и спортски игралишта

Ќе вложиме во уредување и редовно одржување на постојните паркови, зеленило и спортски игралишта, за да создадеме почиста, поубава и безбедна средина за одмор, рекреација и дружење. Овој проект е инвестиција во квалитетот на животот и во здравата иднина на сите генерации.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Зелен катастар на Општина Радовиш

Идентификација на нови зелени површини со партнерство на образовни и научни институции. Целта е подигање на еколошката свест и подобрување на урбаната средина.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Проект „Зелена Топлина“ – надополнување

Поставување на топлински пумпи во ООУ „Никола Карев“ во соработка со ЕЛРАД. Овој проект го зголемува енергетскиот капацитет и ефикасноста на училиштата и јавните институции.



# ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## Субвенции за училишен прибор и дигитални уреди за ученици во социјален ризик

Современото образование подразбира не само пристап до училиште, туку и соодветни ресурси за активно и квалитетно учество во наставата. За многу ученици од социјално ранливи категории, трошоците за набавка на училишен прибор и дигитална опрема претставуваат сериозна бариера. Овој проект има за цел да обезбеди еднократна субвенција за набавка на ранци, прибор, книги, таблети или лаптопи, со што ќе се овозможи подобра инклузија и поголеми шанси за успех.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината.

## Центар за поддршка на ученици со потешкотии во учењето

Адаптиран простор и обука на стручни лица – логопед, психолог, дефектолог и социјален работник. Целта е учениците со потешкотии да добијат поддршка и можности за напредок.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

## Бесплатен логопедски третман

Ќе овозможиме бесплатни логопедски третмани за деца и млади со потешкотии во говорот и јазичниот развој. Со оваа мерка ќе се подобри нивната комуникација, ќе се олесни процесот на учење и ќе се зајакне самодовербата и успешноста во секојдневниот живот.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

## Уредување на паркинг простор во кругот на здравствениот дом со бекатон плочки

Создавање организиран и безбеден паркинг за пациенти и персонал. Целта е подобрување на пристапот и удобноста за сите посетители.

**Извор на финансирање:** Буџет на општината, централна власт.

## Изградба на гаражи за амбулантни возила

Нови гаражи за заштита и правилно одржување на возилата на итната помош. Проектот ја зголемува оперативната ефикасност и брзината на интервенциите.

# ПРЕДЛОЗИ И ИДЕИ ОД ГРАЃАНИТЕ ЗА ОПШТИНАТА

Програмата што ја подготвивме е резултат на активно слушање и вклучување на идеите и предлозите на граѓаните. Голем дел од проектите што ги опфативме произлегуваат токму од вашите иницијативи за подобар живот во општината.

Меѓу нив се:

- Хумано решавање на проблемот со кучињата скитници;
- Уредување на Урбан блок 15;
- Нов модерен плоштад;
- Парк за рекреација и одмор на жителите;
- Измени на зонското паркирање;
- Бесплатни логопедски третмани за деца и млади.

Овие проекти се доказ дека заедно со вас градиме програма што е реална, корисна и темелена на вистинските потреби на нашата општина. Заедно ја обликуваме иднината што ја заслужуваме – подобра и побогата со можности.

ВМРО-ДПМНЕ